**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**НОТАР**
**ЕМИЛИЈА ХАРАЛАМПИЕВА**
за подрачјето на основните судови на градот
Скопје **ул.Вељко Влаховиќ бр.31/3-2**
**С к о п ј е**

**Дваесет и осми мај две илјади и четиринаесета година** **ОДУ бр. 155/2014**

***Прв Извод***

---

## НОТАРСКИ АКТ --- ЗАПИСНИК

---

**Јас Нотар Емилија Хараламшева** , со седиштe во Скопје, на улица Вељко Влаховиќ број триесет и еден, влез три, стан број два, потврдувам дека на ден дваесет и осми, месец мај, две илјади и четиринаесета година, на барање, поднесено од **Друштво за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија , со седиште на Булевар на виното број 1 Демир Капија, застапувано од Извршен член на Одборот на директори Госпоѓа Гордана Трајкова,** да присуствувам на седницата па Годишно редовно Собрание на **Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија** , закажано за дваесет и осми мај две илјади и четиринаесета година ( 28.05.2014 година ), со почеток во десет часот, во деловните простории на Македонија сообраќај АД Скопје, градски зид блок 13 , заради превземање на службено дејствие согласно член 73 од Законот за нотаријатот ( Службен весник на Република Македонија број 55/2007) и член 384, од Законот за трговските друштва ( Службен весник на РМ број 28/2004 ), како повикан Нотар да потврди заклучоци на собрание, го сочинив следниот---------------------------------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------------**ЗАПИСНИК**-------------------------------------------------

**од седница на редовното годишно собрание на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија , одржано на 28.05.2014 година во Скопје.** ---------------------------------------------------

---

Пред отпочнувањето на службеното дејствие утврдив дека:---------------------------------------------

**Друштво за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија , со седиште на Булевар на виното број 1 Демир Капија** , е запишано во Единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица со ЕМБС 6100937 , согласно Тековна состојба на правното лице Деловоден број 0809-50/150120140037918 од дваесет и шести мај две илјади и четиринаесета година (26.05.2014 година.) , која е прилог кон овој Нотарски акт . ---------------

Согласно изводот од Акционерската книга на Друштвото, издаден на ден дваесет и шести мај две илјади и четиринаесета година во десет часот и четириесет и седум минути од Централниот депозитар за хартии од вредност на РМ, која е прилог кон овој Нотарски акт, утврдив дека Издавачот **Друштво за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија , со седиште на Булевар на виното број 1 Демир Капија** , издало вкупен број на хартии од вредност два милиони и седумстотини илјади ( 2.700.000 ХВ); од кои со право на глас се **два милиона и седумстотини илјади акции ( 2.700.000 ХВ)** ; број на гласови **два милиона седумстотини илјади** гласови ( 2.700.000 ) **и број на иматели седумстотини седумдесет и пет** ( 775) **и број на сопственички позиции седумстотини седумдесет и пет** ( 775) .---------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието е свикана на начин определен со членот 387 став 1 и 5 од Законот за Трговските друштва, член 2, 3,4,5,6,7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Трговските друштва ( Службен весник на РМ 42/2010) , со објавен ПОВИК за Учество на Годишно собрание на акционерите на **Друштво за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија , со седиште на Булевар на виното број 1 Демир Капија** , во дневниот весник Нова Македонија, на ден седми мај две илјади и четиринаесета година, на насловната страна од официјалната интернет страница на Друштвото www.popovakula.com.mk и на интернет страницата на Македонската берз за хартии од вредност , кој Повик го содржи и Дневниот ред , условите за учество и известие за можноста за разгледување на материјалите по дневниот ред, кои се предмет на одлучување на седницата на Годишното собрание и покани со известие до акционерите.-----------------------

Јавниот повик во фотокопија, направена од мене лично е прилог кон овој акт.------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Поради отсаство од здравствени причини на Господин Тодор Черепналковски , седницата ја отвори и присатните ги поздрави Господин Григори Поповски, и го прочита Дневниот ред со список на документи во материјали за Годишно собрание на акционери на **Друштво за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија , со седиште на Булевар на виното број 1 Демир Капија.**-----------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Господин Григори Поповски, постапувајќи во рамките на Процедуралниот дел на седницата , откако ја отвори седницата премина на втората точка од процедуралниот дел - Избор на работни тела : Избор на претседавач на Собранието на Друштвото; - Избор на Записничар и двајца заверувачи на Записник; - Избор на Верификациона комисија.-----------------------------

Предлог за именување на Претседавач на Годишното собрание на **Друштво за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија , со седиште на Булевар на виното број 1 Демир Капија,** даде Господин Златко Данев , поддржан од Григори Поповски , при што предложи за Претседавач да биде избран Господин Климе Бабунски . Друг предлог немаше.-----------------------------------------------------------------------------------------------

Предлогот беше ставен на гласање . Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предлогот е едногласно усвоен. ЗА предлогот гласаа сите присутни , против нема. воздржани нема .--------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека за Претседавач на собранието е избран Господин Климе Бабунски .----------

**Претседавач на собранието на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, Бабунски Климе, со стан на улица 8-ми Март број 13-2 Скопје, роден на ден 13.01.1958 година во Велес, чиј идентитет го утврдив со л.к. број А0735618 издадена од МВР Скопје, ЕМБГ 1301958450013.**-----------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот продолжи да ја води седницата на собранието.**---------------------------------

Господин Бабунски го изнесе предлогот а присатниот нотар појасни дека Записникот на ова собрание е потребно да го води Нотар , бидејќи одлуките што се предложени предизвикуваат промена во Трговскиот регистар а Одборот на директори на Друштвото смета дека со присаството на Нотар се обезбедува јавност во работата на Друштвото и појасни дека нема да се врши избор на Записничар и двајца оверувачи на записникот и предложи Записникот од Собранието да го води повиканиот Нотар Емилија Харалампиева од Скопје, со седиште на улица Вељко Влаховиќ број 31/3-2.------------------------------------

Предлогот беше ставен на гласање . Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предлогот е едногласно усвоен. ЗА предлогот гласаа сите присутни , против нема.воздржани нема .--------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Предлог за именување на членови на Верификациона комисија на **Друштво за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија , со седиште на Булевар на виното број 1 Демир Капија ,** даде Господин Златко Данев , при што предложи за членови на оваа комисија да бидат именувани **Македонка Петрова и Андријана Симовска** . Друг предлог немаше.-----------------------------------------------------------------------------------------------

Предлогот беше ставен на гласање . Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предлогот е едногласно усвоен. ЗА предлогот гласаа сите присутни , против нема.воздржани нема .--------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот, побара Верификационата комисија да изврши проверка на списокот за присаство на седницата, по што Верификационата комисијата констатира и потврди дека на собранието присаствуваат акционери и нивни застапници по закон и полномошници кои располагаат со **1.534.019 гласа,** односно изразено во проценти 56,815% од главницата на Друштвото, со што се исполнети условите согласно Законот и Статутот на друштвото, Собранието законито да донесува одлуки.------------------------------------------------------------

Списокот на присатните акционери и нивни застапници по закон , со свој потпис го завери претседавачот на собранието и Нотарот. Пред првото гласање заверениот список им се даде на увид на сите учесници на собранието.------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од верификуваниот список за присаство Преседавачот констатира дека на собранието присаствуваат акционери на **Друштво за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија , со седиште на Булевар на виното број 1 Демир Капија** , кои располагаат со вкупен број од **еден милион петстотини триесет и четири илјади и деветнаесет гласа ( 1.534.019 гласа)** , по што потврди дека се исполнети условите за работење и законито одлучување на собранието согласно Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото.---------------------------------------------------------------------------------------------------

Копија од верификуваниот список за присаство е прилог кон овој Акт .--------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------

Господин Климе Бабунски, Дневниот ред за седницата , работен дел, кој акционерите го добија заедно со материјалите за седницата, го предложи на утврдување и усвојување со содржина објевена со јавниот повик.---------------------------------------------------------------------

Предлогот беше ставен на гласање . Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предлогот е едногласно усвоен. ЗА предлогот гласа **1.534.019 гласа** , против нема, воздржани нема .-----------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот потврди дека Собранието на **Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија** , го усвои следниот **Дневен ред - Работен дел:** ---------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------

***1. Усвојување на Записникот од собранието на акционери на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија , одржано на 27.05.2013 година , со Предлог - Одлука за усвојување.***---------------------------------------------------------------------------------------------

***2. Разгледување на годишен извештај за работењето на Друштвото за 2013 година, со Предлог- Одлука за усвојување.***-------------------------------------------------------------------

***3.Разгледување на годишна сметка за 2013 година и на ревидирани финансиски извештаи на Друштвото за 2013 година, со Предлог- Одлука за усвојување на годишна сметка ; Предлог - Одлука за усвојување на ревидирани финансиски извештаи .***-----------------------

***4. Разгледување на консолидиранаша годишна сметка за 2013 година и на ревидирани консолидирани финансиски извештаи на друштвото за 2013 година, со Предлог- Одлука за узвојување на консолидирана годишна сметка и Предлог - Одлука за усвојување на ревидирани консолидирани финансиски извештаи.***-------------------------------------------

***5.Покривање на загубата од работењето на друштвото за 2013 година, со Предлог-Одлука за покривање на загубата ,***-----------------------------------------------------------------

***6. Извештај за работата на Одборот на директори за 2013 година, со Предлог-Одлука за одобрување на работата на Одборот на директори.***------------------------------------------

***7.Избор на нов член на Одборот на директори, со Предлог-Одлука за избор на нов член на Одборот на директори.***-----------------------------------------------------------------------

***8.Отпочнување на постапка за спојување на фирми ќерки, со Предлог-Одлука за отпочнување на постапка за спојување на фирми ќерки.***----------------------------------------

***7. Назначување на овластен ревизор на Финансиските извештаи на Друштвото за 2014 година,со Предлог - Одлука за назначување на овластен ревизор.***---------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------

**По првата точка од Дневниот ред** , не се јави никој за дискусија ниту имаше забелешки на содржината на Записникот од собранието на **Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија** од 27.05.2013 година. ----------------------------------------------------------------------

Предлогот беше ставен на гласање . Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите Претседавачот констатира дека предлогот е едногласно усвоен. ЗА предлогот гласаа **1.534.019 гласа** , против нема, воздржани нема.--------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот утврди дека Записникот од собранието на **Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија** од 27.05.2013 година, едногласно е усвоен.----------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------

**По втората точка од Дневниот ред** , Господин Златко Данев - Неизвршен член на Одборот на директори појасни дека на акционерите заради детално информирање им е достапен писмен извештај кој сега не би требало да се чита а во дискусија дополни дека би сакал и би требало сега да се даде одговорна прашања од акционерите, за работењето на друштвото во 2013 година доколку има . -----------------------------------------------------------------------------

По Годишниот извештај за работење на друштвото немаше дискусија ниту прашања. ----------

Предлог - Одлуката беше ставена на гласање . Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите Претседавачот констатира дека предлогот е едногласно усвоен. ЗА предлогот гласаа **1.534.019 гласа** , против нема, воздржани нема . ----------

**Претседавачот утврди дека собранието на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија** , ја донесе следната **Одлука за усвојување на Годишен извештај за работењето на друштвото за 2013 година**, едногласно.----------

Се усвојува годишниот извештај за работењето на друштвото за 2013 година. ----------

**Одлуката стапува во сила на денот на нејзиното донесување.----------**

**По третата точка од Дневниот ред** , по Годишната сметка за 2013 година и на ревидираните финансиски извештаи на Друштвото за 2013 година, кои се прилози кон овој записник , не се јави никој за дискусија или прашања. ----------

Предлог - Одлуките беа ставени на гласање . Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите Претседавачот констатира дека предлозите се едногласно усвоени. ЗА предлогот гласаа **1.534.019 гласа** против нема, воздржани нема .----------

**Претседавачот утврди дека собранието на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија** , ја донесе следната **Одлука за усвојување на Годишната сметка за 2013 година**, едногласно.----------

**Се усвојува Годишната сметка за 2013 година на Попова Кула АД Демир Капија, со следниот остварен финансиски резултат од работењето:----------**
**Остварени приходи----------40.315.704 ден.----------**
**Остварени расходи----------45.204.450 ден.----------**
**Остварена загуба пред оданочување---------- 4.888.746 ден.----------**
**Данок од добивка ---------- 87.925 ден. ----------**
**Остварена загуба по оданочување---------- 4.976.671 ден.----------**

**Претседавачот утврди дека собранието на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија** , ја донесе следната **Одлука за усвојување на консолидираната годишна сметка за 2013 година**, едногласно.----------

**Се усвојува Косолидираната годишна сметка за 2013 година на Попова Кула АД Демир Капија со следниот остварен финансиски резултат од работењето: ----------**

**Остварени приходи ---------- 46.823.000 ден. ----------**
**Остварени расходи ---------- 52.889.000 ден. ----------**
**Остварена загуба пред оданочување ---------- 6.066.000 ден. ----------**
**Данок од добивка ---------- 104.000 ден. ----------**
**Остварена загуба по оданочување ----------6.170.000 ден. ----------**
**Загуби кои произлегуваат од преведување на странско работење 1.913.000 ден. ----------**
**Вкупна сеопфатна загуба за годината ---------- 8.083.000 ден. ----------**
**Неконтролирано учество ---------- 22.000 ден.----------**
**Загуба која се однесува на имателите на акции на матичното друштво ---- 6.148.000 ден. --------**
Одлуката стапува во сила на денот на нејзиното донесување.----------

**По четвртата точка од Дневниот ред** , по писмениот предлог на одлуките,за дискусија се јави Господин Зоран Колев со Прашање : Од каде потекнува загубата од Попова Кула Полска, искажана во консолидираниот извештај? ----------
Господин Александар Талимџиоски праша: Како ќе се покрива загубата искажана во извештајот ?----------

Во одговор беше појаснето дека изкажаната загуба акумулирана од претходните години ќе се покрива од идна остварена добивка од оперативното работење на друштвото во наредниот период.-----------------------------------------------------------------------------------------

Во појаснување Господин Златко Данев одговори дека акумулиранта загуба во значителен дел потекнува од продажба на вино во претходните години под специјални услови заради поврат на кредит земен од НЛБ Тутунска банка АД Скопје. При враќањето на кредитот банката поставила услов за предвремено доспевање на кредитот по неоснован основ. Друштвото било принудено одеднаш да ги врати кредитните сретства бидејќи во спротивно можело да настапат потешки последици. Поради тоа со Одлука на Одборот на директори бил направен Извоз на наливно вино под неповолни услови за да се врати кредитот предвремено.
-----------------------------------------------------------------------------------------

Предлогот беше ставен на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите Претседавачот констатира дека предлогот е едногласно усвоен. ЗА предлогот гласаа **1.534.019 гласа** , против нема, воздржани нема .-----------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот утврди дека собранието на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија** , ја донесе следната **Одлука за усвојување на ревидираните финансиски извештаи за 2013 година**, едногласно.-----------------------------------------------------------------------------------------

Се усвојуваат финансиските извештаи за работењето во 2013 година ревидирани од Друштво за ревизија Grant Thomtom ДОО Скопје.-----------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот утврди дека собранието на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија** , ја донесе следната **Одлука за усвојување на ревидирани консолидирани финансиски извештаи за 2013 година**, едногласно.-----------------------------------------------------------------------------------------

Се усвојуваат ревидираните и консолидираните финансиски извештаи за работењето во 2013 година ревидирани од Друштво за ревизија Grant Thomtom ДОО Скопје.-----------------------------------------------------------------------------------------

**По петата точка од Дневниот ред** , Покривање на загубата од работењето на друштвото за 2013 година по писмениот предлог на одлуката, во дискусија Господин Никола Конески изјави незадоволство од начинот на свикување на седниците на собранието. Откако му беше појаснето дека свикувањето е согласно законските прописи и дека сите материјали биле достапни на акционерите по електронски пат, сепак изјави револт дека со инвестицијата која ја вложил во друштвото очекувал дивиденда . -----------------------------------------------------------------------------------------
Предлогот беше ставен на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите Претседавачот констатира дека предлогот е едногласно усвоен. ЗА предлогот гласаа **1.534.019 гласа** , против нема, воздржани нема .-----------------------------------------------------------------------------------------
**Претседавачот утврди дека собранието на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија** , ја донесе следната **Одлука за покривање на загубата за 2013 година**, едногласно.-

**Покривањето на загубата до 31.12.2013 година, ќе се врши од идната остварена добивка од оперативното работење на Друштвото во наредниот период .**-----------------------------------------------------------------------------------------

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.-----------------------------------------------------------------------------------------

**По шестата точка од Дневниот ред** , Господин Григори Поповски како Претседател на Одборот на директори на Друштвото појасни дека во 2013 година се одржани девет седници на одборот во седиштето на Друштвото, на секоја од средбите редовно бил разгледуван извештајот за остварена продажба , состојбите со наплатата и донесувани други одлуки од важност за тековното работење на друштвото. Одборот на директори во текот на месец Ноември 2013 година одржал посебна седница посветена на стратешкото планирање за идно работење и развој на друштвото. Разгледани се визијата, мисијата, вредностите и целите на друштвото, стратешкиот пристап и генеричката стратегија. Направени се повеќе анализи, на пазарот, на цените, продажбата, палета на производи и услуги. Донесени се и конкретни одлуки за можни правци на делување , можни инвестиции и сл. -----------------------------------------------------------------------------------------

Во продолжение Господин Трајков , појасни дека сите напори и активности во иднина ќе бидат насочени во правец на санирање на друштвото а во 2014 година, мора да се превземат итни , сеопфатни добро осмислени мерки и активности за излегување од кризата. Направени се сеопфатни анализи на работењето и опкружувањето со кои се потврдија визијата и целите на друштвото во услови на тектонски промени во винарскиот бизнис , лоши услови, драстични промени на опкружувањето, години на загуба , промени кои не следат од основањето . Да одговориме на прашањето од каде доаѓаат лошите резултати кои се појавуваат во последните четири години беше целта на направените анализи. Од тоа произлезе План на активности донесен од Одборот и менаџментот на друштвото , со кој се наброени многу активносто кои во иднина ќе ги спроведеме . Ќе се држиме до планот бидејќи сегашниот модус е преживување на друштвото. Основно е влегување на фирми ќерки во Попова Кула, винаријата да ја преброди кризата на винскиот пазар, зголемување на потенцијалите на винскиот туризам во кој правец веќе се превземени активности со градба на дополнителен капацитет- втора зграда .------------------------------------------------------------

Господин Златко Данев во својата дискусија особено истакна дека од направените анализи утврдивме кај сме, кои сме и во услови на тешка конкуренција дека не можеме да постигнеме многу во краток период . Решението сметаме дека е во винскиот туризам на кое поле сме први кои го промовираме во државата и работиме со успех. Загубата во последните четири години доаѓа од делот на винарството а делот на винскиот туризам носи позитивни резултати. Потребно е да ја збогатиме понудата во винскиот туризам , да ги задржиме и анимираме гостите , да ги прошириме капацитетите, пуштен е шанк за услуги во летниот период. Од винарскиот дел не сме многу задоволни со продажбата на виното . Вложивме многу напори од кои не се гледаат резултати. Направивме напори за пробив на нови пазари , Канада како пазар е успех но тоа е доста тежок пазар, соработка со партнер во Чешка, нови партнери во Србија , нова линија на производи во Германија. Сакам да истакнам дека иако се работи за мали купувачи напорите за освојување и пласман се исти како за големите. Во 2014 год. реализиран е пласман во Кина, Во 2013 гоина , прекината е соработката со партнерот во Босна од причини што фирмата партнер за дистрибуција во Босна дистрибуцијата на своите производи ги продаде на друга дистрибутерска куќа , со која напорите за продолжување на соработката не успеаа, соработката со партнерот од Србија прекина заради неисполнување на финансиските обврски од негова страна но позитивно е тоа што се отпочна соработка и реализира испорака со нов партнер. Не сме задоволни од резултатите на пласманите во Полска каде доста инвестиравме, досега и доста продадовме но продажбата од 2012 и 2013 година постојано се намалува . Немаме забелешки на партнерот но таму конкуренцијата е многу јака со големи вложувања на големите производители во промоција на нивните производи со што Попова Кула неможе да се носи. -----------------------------------------------

На прашање поставено од Господин Коневски за можностите за пласман и пробив на Рускиот пазар , Господин Данев одговори дека Рускиот пазар е крајно регулиран и не е со слободен пристап како во земјите членки на ЕУ , на кој делуваат постојано лоби групи на производителите од ЕУ, друга околност е дека Србија има спогодба за безцарински увоз во Русија и на пазарот неможе да се конкурира на тие производи. ---------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Друга дискусија по извештајот немаше. Предлог - Одлуката беше ставена на гласање . Гласањето е јавно. Се гласа поединечно за одобрување на работата на сите членови на Одборот на директори на Винарска Визба Попова Кула АД Скопје. -------------------------------

За одобрување на работата на Извршниот член на Одборот на директори Гордана Трајкова - **ЗА гласаа 1.534.019 гласа , против нема, воздржани нема** .---------------------------------------

За одобрување на работата на Неизвршниот член на Одборот на директори Зоран Колев - **ЗА гласаа 1.534.019 гласа , против нема, воздржани нема** .--------------------------------------

За одобрување на работата на Неизвршен член на Одборот на директори Златко Данев - **ЗА гласаа 1.534.019 гласа , против нема, воздржани нема** .-------------------------------------------

За одобрување на работата на Претседателот на Одбор на директори- независен и неизвршен член на Одборот на директори Григори Поповски - **ЗА гласаа 1.534.019 гласа , против нема, воздржани нема** .------------------------------------------------------------------

За одобрување на работата на Неизвршен член на Одборот на директори - Лазар Петров - **ЗА гласаа 1.534.019 гласа , против нема, воздржани нема** .---------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот утврди дека собранието на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија** , ја донесе следната **Одлука за одобрување на работата на Одборот на директори за 2013 година** .---------------------------------------------------------------------------------------------

**Се одобрува работата на Одборот на директори на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, во состав Златко Данев , Григори Поповски, Зоран Колев, Гордана Трајкова Лазар Петров** .------------------------------------------------------------------------------------------

Одлуката стапува во сила на денот на нејзиното донесување.-------------------------------------------

**По седмата точка од Дневниот ред , Избор на нов член на Одборот на директори, Собранието беше информиранао дека членот на Одборот на директори Гордана Трајкова , поднела оставка на функкцијата Извршен директор на друштвото од лични причини.** ---------

По писмениот предлог на одлуката за избор на нов член на Одборот на директори , дискусија и прашања немаше. ---------------------------------------------------------------------------------------

Предлогот беше ставен на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите Претседавачот констатира дека предлогот е едногласно усвоен. ЗА предлогот гласаа **1.534.019 гласа** , против нема, воздржани нема .----------------------------------------------------------

**Претседавачот утврди дека собранието на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија**, ја донесе следната **Одлука за избор на нов член на Одборот на директори**, едногласно.----------------------------------------------------------------------------------------------------

За нов член на одборот на директори се избира лицето **Јордан Трајков**. ---------------------------

Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување.-------------------------------------------

Одлуката во Централниот регистар на РМ да ја спроведе извршниот член на одборот на директори.------------------------------------------------------------------------------------------------------

**По осмата точка од Дневниот ред, Отпочнување на постапка за спојување на фирми - ќерки , по писмениот предлог на Одлуката** , појаснување даде Господин Трајков со податоци за историјатот и причините за фирми ќерки Тигар ДООЕЛ, Станушина ДООЕЛ и Агро Милан ДООЕЛ , кои се во 100% сопственост на Попова Кула АД . Додаде дека овие фирми заедно со Попова Кула се концесионери на земјиште околу 32 хектари на идеална локација за лозови насади. Во текот на 2009 година поради тогашаната политика на Владата , лимит од 10 хектари на кои може да се добие правото на конкурсот за доделување на концесии, овие фирми победија и остварија право. Попова Кула потоа ги купи овие фирми . Поради интересот да се задржи правото на концесија кое не се губи кога фирмите се спојуваат , се предлага да се испитаат сите правни, финансиски и други околности за отпочнување на постапката за спојување на фирмите ќерки , при што поради низа околности како што е веќе започнатата постапка за доделување на сретства од ИПАР фондовите на Станушина ДООЕЛ ако се доделат сретствата со кои се финансираат 50% од предадени проекти тоа да се има предвид и спојувањето да се одложи или во спротивно ако сретствата не бидат доделени нема зошто да сечека. Овие фирми имаат вредност заради концесијата. ------------------------------------

Предлогот беше ставен на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите Претседавачот констатира дека предлогот е едногласно усвоен. ЗА предлогот гласаа **1.534.019 гласа** , против нема, воздржани нема .----------------------------------------------------------

**Претседавачот утврди дека собранието на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија**, ја донесе следната **Одлука за отпочнување постапка за спојување на фирми ќерки едногласно**.--------------------------------------------------------------------------------------------

Се овластува Одборот на директори да се испитаат сите правни, финансиски и други околности како и да се извршат сите потребни консултации со заинтересирани страни во врска со отпочнување постапка за спојување на фирми ќерки ( Тигар дооел, Станушина дооел и Агро Милан дооел) кои се во 100% сопственост на друштвото. ---------------------------

Се овластува Одборот на директори доколку не постојат никакви финанасиски или други пречки за реализирање на спојување на фирмите ќерки истиот во текот на 2014 година да го реализира спојувањето. ------------------------------------------------------------------------------------

По деветат точка од Дневниот ред Назначување на овластен ревизор на финансиските извештаи на Друштвото за 2014 година, Госпоѓа Гордана Трајкова, појасни дека од спосокот на десет ревизорски друштва е побарано да достават понуди за вршење ревизија од кои добиени се само три понуди и тоа од Европски центар за ревизија, Стивен Мур и Грант Торнторн. Според понудите наскап е Грант Торнторн а останите две компании се многу блиску по цените. Предлогот е за овластен ревизор да се назначи Европскиот центар за ревизија . ----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Во дискусијата која настана по предлогот Господин Јордан Трајков појасни дека крајна цел на постапката за ревизија е да се добие чисто ревизорско мислење кое на акционерите им помага да си знаа каде им е компанијата . Отсегогаш сме имале мислење од прва категорија за тоа дали реално се прикажани финансиските резултати на друштвото - тоа е светиња за мене. Од тие причини појасни дека има сомневања за скриена капитална поврзаност со конкурентски куќи на одредени ревизорски друштва кој ризик треба да се избегне . Остави акционерите да решат која од двете слични по цена понуди ќе се избере. ------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Предлогот беше ставен на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите Претседавачот констатира дека предлогот е усвоен. ЗА предлогот гласаа **1.434.210 гласа** , **против гласаа 15000 гласа, воздржани 84809 гласа** .--------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот утврди дека собранието на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија**, ја донесе следната **Одлука за избор на овластен ревизор** ------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**За вршење на ревизија на Годишната сметка за 2014 година се избира Друштво за ревизија Европски центар за ревизија .**-----------------------------------------------------------------------------------
Се овластува Одборот на директори да го потпише договорот за вршење ревизија со избраниот ревизор.----------------------------------------------------------------------------------------------------
Одлуката стапува во сила на денот на нејзиното донесување.--------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**По исцрпување на Дневниот ред седницата на собранието беше завршена во 12 часот**
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Овој записник го составив лично на осум страници од осум листа, во изворник пишуван на компјутер врз основа на белешки во скратена верзија пишувани на рака, го прочитав, по што Претседавачот потврди дека неговата содржина одговара на фактичката состојба па во знак на согласување со неговата содржина своерачно го потпиша.------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавач на Собранието Бабунски Климе**

**с.р.**

------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Записникот е составен во три примероци од кои два извода за службени потреби на Друштвото а Изворникот се чува во архивата на Нотарот-----------------------------------------------------
Нотарската награда е определена во износ од 16.000,00 ден. -----------------------------------------------

**ОДУ број 155/2014** **НОТАР Емилија Харалампиева**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НОТАР ЕМИЛИЈА ХАРАЛАМПИЕВА СКОПЈЕ